# Систем за е-концесии

# Упатство за компанија

**Верзија** 1.0

**Фоксит ДОО Скопје**
www.foxit.mk

**Содржина**

**Вовед** ... 3

**Како да пристапам до Системот е-концесии?** ... 4

- **За регистрирани корисници** ... 4
- **За нови корисници** ... 4
- **Како да се регистрирам?** ... 4
- **Заборавена лозинка** ... 5
- **Уредување на вашиот профил** ... 6

**Почетна страна** ... 7

**Огласи** ... 8

- **Подигнување на тендерска документација** ... 8
- **Креирање апликација** ... 9
  - **Чекор 1 - Основни информации** ... 9
  - **Чекор 2 – Потребна документација** ... 10
  - **Чекор 3 – Преглед** ... 11
- **Поднесување на креираната апликација** ... 11

**Апликации** ... 13

**Аукции** ... 14

  - **Како да учествувам на одредена аукција?** ... 14

**Упатства** ... 19

**Закони** ... 19



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

# Вовед

Системот за е-концесии има за цел да го олесни процесот на доделување на концесии за детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини. Истиот овозможува едноставно, брзо и ефикасно поднесување на Вашата апликација по одреден оглас. Користењето на овој Систем ќе Ви овозможи да заштедите време од напорното чекање во долги редици, да ги намалите трошоците на поднесување на апликацијата, со приложување на дигитални верзии на потребната документација, како и тоа да аплицирате во било кое време, без запазување на работното време на институциите.

Покрај тоа, Системот нуди транспарентност во целиот процес на доделување на концесии. За секоја фаза ќе бидете едновремено известени преку автоматски независен систем на доставување на електронска пошта.

Преку Вашиот кориснички профил на системот е овозможен  целосен преглед на сите моментално објавени огласи, како и Ваши креирани и поднесени апликации.

Со помош на ова упатство ќе се обидеме на едноставен и прегледен начин да Ве воведеме во процесот на поднесување на апликација по оглас, со цел понатамошно користење на придобивките кои истиот ги нуди.



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

# Како да пристапам до Системот е-концесии?

За да пристапите до веб страната на Системот за е-концесии, потребно е да ја внесете следната адреса во веб прелистувачот: www.e-koncesii.mk

**Напомена*:** Подолу е прикажана листа на веб прелистувачи кои ја поддржуваат оваа апликација со линкови кои водат до страните за нивно инсталирање:

- Google Chrome(https://www.google.com/chrome)
- Microsoft Edge (https://www.microsoft.com/en-us/edge/download )
- Mozilla Firefox (http://www.mozilla.org/en-US/firefox/new/)

## За регистрирани корисници

Доколку сте веќе регистриран корисник на Системот, најавете се со Вашето корисничко име и лозинка за да пристапите на почетната страна на Системот за е-концесии.

## За нови корисници

Доколку прв пат пристапувате до Системот за е-концесии, потребно е да се регистрирате како нов корисник.

## Како да се регистрирам?

До страната за регистрација на нов корисник може да пристапите преку линкот “**Регистрирај се**”. За да се регистрирате во Системот потребно е да ја пополните дадената регистрациона форма со бараните податоци прикажана на (Слика 1) и да кликнете на копчето “**Зачувај**”.

***Напомена*:** *Лозинката мора да содржи мали, големи букви, бројки и специјални знаци.*




***Слика 1: Приказ на регистрациона форма***

## Заборавена лозинка

Во случај да сте ја заборавиле Вашата лозинка, кликнете на линкот “**Заборавена лозинка**”. Притоа ќе се отвори нова форма во која треба да го внесете Вашиот е-маил (Слика 2). На Вашата е-маил адреса ќе бидат испратени инструкции односно линк кој ќе ве однесе на нова страна за нова лозинка (Слика 3). Следете ги инструкциииите кои ќе бидат испратени на Вашата е-маил адреса.




***Слика 2: Приказ на форма која се појавува во случај на заборавена лозинка***




***Слика 3: Приказ на страна која се појавува откако ќе кликнете на линкот кој ќе биде испратен на Вашата е-маил адреса***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

## Уредување на вашиот профил

Откако сте веќе најавени во Системот, во горниот десен агол, со кликнување на иконата , се појавува паѓачко мени (Слика 4) од кое може да изберете некоја од понудените опции и тоа:

1. **Промени податоци** - со избирање на оваа опција добивате пристап до страната со Вашите кориснички податоци;
2. **Промени лозинка** - со избирање на оваа опција можете да ја промените веќе постоечката лозинка со нова лозинка;
3. **Одјави се** - со избирање на оваа опција ќе се одјавите од системот.




***Слика 4: Почетна страна на фирма***

Со избирање на опцијата **"Промени податоци"** ќе се отвори страна со преглед на Вашите податоци, како што е прикажано на Слика 5.

За да ја промените лозинката за пристап до Системот, ја избирате опцијата **"Промени лозинка"**.

***Напомена*:*** *Лозинката мора да содржи мали, големи букви, бројки и специјални знаци.*




***Слика 5: Профил на фирма***




ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

## Почетна страна

На почетната страна имате преглед на три категории и тоа:

1. Аукции;
2. Апликации и
3. Огласи.

За да пристапите кон секоја од овие категории, движете се низ табовите на хоризонталната лента во горниот десен агол на почетната страна, прикажано на (Слика 6).




***Слика 6: Приказ на категории на почетна страна***

## Огласи

Со самото најавување во Системот откако ќе ја изберете категоријата “**Огласи**” имате преглед на сите моментално објавени огласи со следните информации за секој одделно (Слика 7):

- Име на оглас;
- Број на оглас;
- Тип на оглас;
- Датум на објава на огласот;
- Рок за подигнување на тендерска документација;
- Рок за апликација;
- Датум на аукција.




***Слика 7: Преглед на објавени огласи***

### Подигнување на тендерска документација

Тендерската документација за одреден оглас може да ја подигнете откако ќе кликнете на копчето **“Преглед”** кое се наоѓа во долниот десен агол под секој оглас при што ќе се отвори страна со детални информации за истиот (Слика 8). Клинете на копчето 

.

Тендерската документација ќе биде преземена во вид на ZIP документ.

***Забелешка*:*** *Ова копче ќе се прикажува само доколку е достигнат датумот од кој започнува рокот за подигнување на тендерска документација. На пример, доколку*




ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

*рокот за подигнување на тендерска документација е 20.11.2023 – 30.11.2023, копчето ќе биде достапно само во тој период.*




***Слика 8: Приказ на страна со детали за оглас***

## Креирање апликација

За да креирате апликација по одреден оглас кликнете на копчето апликација кое се наоѓа десно од копчето за преземање тендерска документација на страната со детали за огласот прикажано претходно на (Слика 8). Кликнете го копчето 

и притоа ќе се отвори страна за креирање на Вашата апликација. Следете ги дадените чекори.

***Забелешка*:** Ова копче ќе се прикажува само доколку е достигнат датумот од кој започнува рокот за аплицирање. На пример, доколку рокот за подигнување на тендерска документација е 20.11.2023 – 30.11.2023, копчето ќе биде достапно само во тој период.*

### Чекор 1- Основни информации

Во овој чекор потребно е да внесете износ во празното поле во колоната “**Цена**” (Слика 9) за локалитетот кој го избирате.

***Напомена*:** Внимавајте, цената која ја внесувате да не биде помала од наведената ”Минимална цена по локалитет(без ддв)”.*



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk




***Слика 9:  Внесување на основни информации при креирање на апликација***

## Чекор 2 – Потребна документација

Во овој чекор потребно е да ги прикачете бараните документи. Тоа ќе го направите со кликнување на копчето Choose File за секој од наведените документи (Слика 10). Изберете го соодветниот документ и клинете на копчето **“Зачувај”.**

***Напомена*:*** *За успешно да аплицирате на огласот, прикачените документи потребно е да бидат во еден од дозволените формати за секој одделно.*




***Слика 10: Приказ на прозорец за прикачување на документи при креирање на апликација***

Откако ќе ги прикачите документите, имате можност да ги отстраните истите (кликнете на копчето што се наоѓа од десната страна на прикачениот документ ) и/или да

прикачите нови (кликнете на копчето  ). За да продолжите до следниот чекор, кликнете на копчето **“Зачувај”**.

### Чекор 3 – Преглед

За да може успешно да ја зачувате креираната апликација, потребно е да потврдите дека сите податоци и доставените документи се веродостојни и одговараат на оригиналните докумети кои ги имате прибавено од надлежните субјекти. Тоа ќе го направите со штиклирање на квадратчето пред самиот израз и кликнување на копчето **“Зачувај”** (Слика 11).




***Слика 11: Потврда при креирање на апликација***

## Поднесување на креираната апликација

Откако ќе ја зачувате креираната апликација, ќе бидете пренасочени кон првиот чекор од креирање на апликацијата со можност да направите одредени измени на претходното внесено. Доколку сакате да ја поднесете креираната апликација, кликнете на копчето  каде ќе се отвори прозорец со прашање “Дали сте сигурни дека сакате да ја поднесете Вашата апликација за оглас?”(Слика 12).




***Слика 12: Последен чекор пред поднесување на апликација***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

***Забелешка*:*** *Системот ќе ги зачува сите информации за креираните апликации и по Ваша одјава од Системот. На пример, доколку се одјавите од Системот и повторно се најавите, пристапете до огласот за кој сакате да ги прегледате деталите и кликнете на копчето* ***"Апликација"*** *(Слика 8). Според тоа можете само да ја прегледате апликацијата и податоците кои сте ги внесле, но не и да ги менувате. Истата ќе биде сместена во категоријата "**Апликации**".*

Со самото поднесување на апликацијата, истата ќе биде сместена во листата на креирани и поднесени апликации во категоријата "**Апликации**".



foxit

ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

## Апликации

Во категоријата “**Апликации**” имате преглед на сите креирани и поднесени апликации од Ваша страна. За оние апликации кои се креирани а не поднесени, имате можност да ја отворите повторно апликацијата и со кликање на копчето да ја промените или поднесете апликацијата, а со кликање на копчето имате преглед на Вашата апликација (Слика 13). Исто така апликациите можете и да ги повлечете со што ќе имате можност за повторно да аплицирате за истиот оглас со помош на копчето за промена на статусот на апликацијата .




***Слика 13: Приказ на креирани и поднесени апликации***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

## Аукции

Во категоријата “**Аукции**” прикажана е листа на сите аукции кои се објавени со следните информации за секоја одделно (Слика 14):

- За кој/и локалитет/и се однесува;
- Која е почетна цена од оглас (минималната сума која фирмите можат да ја понудат при самото аплицирање);
- Кој е минималниот чекор на наддавање;
- Датумот на аукцијата, со време на почеток и крај на истата;
- Моменталниот статус на аукцијата (објавена, во тек, завршена);
- Ресурс.




***Слика 14: Преглед на листа на аукции***

### Како да учествувам на одредена аукција?

За да учествувате на одредена аукција кликнете на копчето **“Учествувај”** кое се наоѓа во долниот десен агол под секоја аукција и се појавува кога статусот на аукцијата е во тек при што ќе се отвори страна со детали за аукцијата, точно време и преостанато време до почеток на аукцијата(денови, часови, минути и секунди), прикажано на (Слика 15).




***Слика 15: Приказ на страна со детали кога аукцијата е во тек***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

Откако аукцијата ќе започне, и ќе кликнете на копчето **“Учествувај”** се отвара страна со преглед на информации и можност за поднесување на понуди (Слика 16).

На оваа страна имате преглед на следните информации:

- Точно време;
- Време до крај на аукцијата;
- Која е почетната цена од оглас (минималната сума која фирмите можат да ја понудат при самото аплицирање);
- Минимален чекор на наддавање – во ова поле е прикажана минималната сума која треба да се додаде на највисоката понудена вредност во моменот за да може успешно да ја поднесете Вашата понуда (тој збир е прикажан во полето со информација за “Следна минимална вредност е”);
- Максимален чекор на наддавање – во ова поле е прикажана максималната сума која може да се додаде на највисоката понудена вредност за да може успешно да ја поднесете Вашата понуда (тој збир е прикажан во полето со информација за “Следна максимална вредност е”);
- Највисоката понудена вредност моментално;
- Поле за поднесување на понуда;
- Детали за аукцијата;
- Аукциска ранг листа – во ова поле може да видите колку понудувачи учествуваат на аукцијата, која е последната понудена цена од страна на истите и Вашиот моментален ранг.




***Слика 16: Приказ на страна на аукција во тек***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

## Поднесување на понуда

За да поднесете нова понуда, внесете ја саканата сума во полето **“Моја нова понуда”** и кликнете на копчето **“Постави нова вредност”**. Притоа ќе се отвори прозорец за потврда дека сте сигурни дека сакате да ја поднесте истата (Слика 17). Кликнете на копчето **“Продолжи”** за успешно да ја поднесете понудата.




***Слика 17: Приказ на прозорец за потврда за поднесување на понуда***

Откако ќе ја поднесете понудата, доколку истата е успешно поднесена, ќе добиете соодветна информација која ќе се прикаже во горниот дел на страната, како што е прикажано на (Слика 18).




***Слика 18: Приказ на информација за успешно поднесена понуда***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

Доколку поднесете понуда со невалидна сума, на пример, пониска од онаа наведена во полето “Следна минимална понуда е” или повисока од онаа наведена во полето “Следна максимална понуда е”,  ќе Ви се прикаже соодветна информација, како прикажаното на (Слика 19).




***Слика 19: Приказ на информацијата за неуспешно поднесена понуда***

**Напомена*:** Кога времето до крај на аукцијата ќе биде помало од 3 минути и некој од понудувачите поднесе нова понуда, истото ќе биде продолжено за уште 3 минути. Времето ќе се продолжува на овој начин се додека во последните 3 минути од завршување на аукцијата никој не поднесе нова понуда.



foxit

ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

### Завршена аукција

Кога аукцијата ќе заврши, се појавува прозорец со соодветната информација (Слика 20).




***Слика 20: Приказ на информацијата за завршена аукција***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk

## Упатства

Со пристапување кон табот “**Упатства**” имате можност да ги преземете саканите кориснички упатства прикажани во листата (Слика 21).




***Слика 21: Приказ на листа на упаства***

## Закони

Со пристапување кон табот “**Закони**” имате можност да ги преземете саканите закони поврзани со постапките за доделување на концесии (Слика 22).




***Слика 22: Приказ на листа на закони***



ФОКСИТ доо Скопје
Бул. Јане Сандански бр. 79А/1-14
1000 – Скопје, Р. Македонија Тел / Факс: +389 2 2460 220
www.foxit.mk, contact@foxit.mk